**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

**за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата  во Општина Чучер Сандево**

**Скопје, април 2025 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево

### Член 1

Во Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево („Службен Гласник на Град Скопје број 11/23“), во член 2 став 2 зборовите „и 2025„ се заменуваат со зборовите „2025, 2026 и 2027„.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2025 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), согласно кои Советот на Градот Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Чучер Сандево како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Изменувањето на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево („Службен Гласник на Град Скопје број 11/23"), е потребно поради тоа што при изведба, согласно проектната документација доставена од страна на надлежната Општина Чучер Сандево, наидено е на подземни инсталации кои не биле составен дел на документацијата доставена од надлежната институција, па поради истото потребно беше да се направи исправка на целокупната проектна документација. Поради наведеното, градежните работи се во прекин се до правосилност на одобрениот проект на надлежната општина и потребно е да се продолжи рокот на изведба.

_Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево.

.